Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 08-475/78
28.10. 2026 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр. 05/02 и „Сл.Весник на РСМ" бр. 202/24), член 45, став 1 , точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари" бр. 01/97), а во согласност со начелата на Законот за спречување на корупција и судир на интереси, Советот на општина Шуто Оризари, донесе:

ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

I. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ И ЦЕЛ

Општина Шуто Оризари ја усвојува оваа Политика на интегритет како фундаментален стратешки инструмент за воспоставување и унапредување на доброто управување на локално ниво. Документот има за цел да воспостави цврст систем на институционална отпорност против корупцијата, судирот на интереси и неетичкото постапување.

Оваа политика се применува унифицирано за сите избрани и именувани лица (Градоначалникот, членовите на Советот, членовите на управните и надзорните одбори) како и за сите административни службеници и вработени во општинската администрација. Во општина Шуто Оризари се прогласува политика на нула толеранција за коруптивно и неетичко однесување.

II. СИСТЕМ НА ИНТЕГРИТЕТ

Општината се обврзува долгорочно да го развива и поддржува внатрешниот систем на интегритет преку:

1. Обезбедување постојано следење, евалуација и ажурирање на антикорупциските механизми.
2. Институционално партнерство со граѓанскиот сектор, медиумите и приватниот сектор заради зголемување на надворешниот надзор.
3. Јавно и транспарентно споделување на информациите за сите донесени одлуки кои имаат влијание врз буџетот и заедницата.

III. КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

Законитост и професионалност:

- Во рамки на извршување на јавните овластувања, сите службени лица се должни да постапуваат строго во рамките на Уставот, законите и подзаконските акти.

Непристрасност и објективност:

- Клучен услов за еднаков пристап до сите општински услуги, без преференции или дискриминација по етничка, политичка, социјална или друга основа.

Транспарентност и отчетност:

- Отвореност кон граѓаните преку достапност на информациите и јасна одговорност за секое преземено дејствие или пропуст.

IV. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА (Регистар на ризици)

Општина Шуто Оризари, по примерот на успешните модели на локалните самоуправи, пристапува кон систематизирано мапирање на ранливите точки преку воведување на Регистар на ризици и Годишен план за проценка. Како критични области се издвојуваат:

1. Урбанизам и социјални дејности: Контрола на дискреционите овластувања преку задолжителен јавен увид, дигитализација на постапките за легализација и рамноправно управување со социјалното домување.

2. Јавни набавки и користење ресурси: Строго усогласување со Законот за јавни набавки, детално и објективно утврдување на техничките спецификации на тендерите и GPS-следење на општинските ресурси и комунална механизација.

3. Управување со човечки ресурси и вработувања: Елиминирање на ризиците од непотизам, партизација и кронизам преку имплементација на мерит-систем. Членовите на комисиите за селекција задолжително потпишуваат Изјава за отсуство на судир на интереси. Доколку се утврди поврзаност со кандидат до четврти степен, членот на комисијата се иззема веднаш.

V. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ И СОВЕТУВАЊЕ

Општината назначува соодветно Лице за интегритет од редот на искусните раководни службеници. Негова примарна улога е да обезбеди советодавна поддршка за вработените при етички дилеми и да спроведува редовни годишни обуки за јакнење на институционалниот интегритет.

VI. УКАЖУВАЧИ И ЗАШТИТЕНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Согласно законската регулатива, Општината назначува Овластено лице за заштитено внатрешно пријавување (укажувачи). Се гарантира целосна заштита и анонимност на идентитетот на секое лице (вработен или граѓанин) кое ќе пријави сомнеж за коруптивни дејствија во институцијата.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Политика стапува на сила по нејзиното усвојување од страна на Советот. По донесувањето, секој вработен потпишува Изјава за сообразување со етичките стандарди, која се депонира во неговото персонално досие.

Претседател на
Советот на општина Шуто Оризари
Јаше Сефер

Совет на општина Шуто Оризари-Konsili ki komuna Šuto Orizari-Këshilli I komunës Shuto Orizari
Република Северна Македонија–Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 08- 475/46
28.10. 2026г од-berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 202/24), член 36, став 1 , точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари“ бр. 01/97), како и одредбите од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси („Сл.Весник на РСМ“ бр. 12/19), Претседателот на Советот на општина Шуто Оризари на својата 10-та Седница, одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА НА ИНТЕГРИТЕТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Политиката на интегритет на општина Шуто Оризари, како стратешки и оперативен документ за зајакнување на институционалниот отпор кон корупцијата и воспоставување на систем на интегритет.

Член 2

Политиката на интегритет од Член 1 од оваа Одлука е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Целта на Политиката на интегритет е воспоставување на систем на етички вредности, законско и транспарентно управување, соодветно справување со ризиците од корупција, како и воспоставување на ефикасни механизми за заштита на укажувачите и спречување на судирот на интереси.

Член 4

За спроведување на Политиката на интегритет, назначување на Лице за интегритет и воспоставување на Регистар на ризици се задолжува Градоначалникот на општина Шуто Оризари.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари“, и веб страната www.sutoorizari.gov.mk.

Претседател на
Советот на општина Шуто Оризари
Јаше Сефер